| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Ран зеленчук |
| **Содржина на денот** | Зеленчукова градина |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Спасова Весна |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема –зошто и како треба да го миеме зеленчукот пред да го јадеме |
| **Активности** | Денешната активност со детето може да ја реализирате преку посета на некој Зелен пазар во Вашата близина со цел да ги запознаете со раниот пролетен зеленчук. При посетата разговарајте за зеленчукот, именувајте го, опишувајте го, погодувајте ја бојата, споредувајте го обликот и големината. Одберете зеленчук по избор и однесете го во Вашиот дом. Заеднички направете салата, но пред тоа објаснете му на детето дека истиот треба да се измие пред да се јаде. Поттикнете го детето да го вкуси зеленчукот и ако може да го опише неговиот вкус. Потоа можете да играте сензорна игра. Затворете ги очите на детето со марама. Пред него поставете го зеленчукот – детето треба да го препознае и именува преку допир. Исто така можете да му понудите да вкуси некој од зеленчукот и да го погоди истиот по вкус. Во продолжение детето може да бои зеленчук во контура по негов избор. |